| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Животните во зима |
| **Содржина на денот** | Животните -наши пријатели |
| **Возраст** | 2 до 3години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Практикување редовно миење на рацете после игра со домашни миленичиња и редовно одржување хигиена на миленичињата. |
| **Активност** | Започнете ја активноста со игра „Скриено животно". Поставете неколку играчки-животни на некои места во собата и детето нека ги пронаоѓа (слика1). Во текот на барањето помагајте му за да не се откаже со давање насоки. Откако ќе ги пронајде нека ги именува играчките  и каже каде живее тоа животно (слика 2, 3 ,4 и 5). Заедно од коцки направете селски двор и дозволете му на детето да ги постави играчките кое животно каде припаѓа (слика 6 и 7). Пуштете му на детето звуци на јавување на животните - ономатопеја, а детето да го покаже животното што се јавува така (слика 8). На крај може да играте подвижна игра „Маче и куче", (на лаење од кучето, мачето се крие и го бара) (слика9). |